Врз основа на член 49 став (2) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/10, 135/11, 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 239/22), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на ________ 2025 година, донесе

# ОДЛУКА
## за условите за распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат условите за распределба и користење на средствата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија, обезбедени во рамките на буџетот на Министерството за односи меѓу заедниците за 2026 година.

Согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 253/25 од 17.12.2025 година), средствата утврдени во Раздел 04010 - Министерство за односи меѓу заедниците, Потпрограма 11 – Промоција на меѓуетнички односи, ставка 463 – Трансфери до невладини организации кои се наменети за финансирање програмски активности на здруженија на граѓани и фондации, обезбедени се финансиски средства во висина од 18.133.000,00 денари.

Член 2

Распределбата на средствата од член 1 од оваа одлука се врши преку доделување грантови за програми (проекти) во согласност со приоритетните цели утврдени во Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации.

Член 3

Корисници на средства од буџетот на Министерството за односи меѓу заедниците согласно член 1 од оваа одлука се здруженија и фондации кои ги исполнуваат следниве услови:

- да се регистрирани согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации најмалку една година пред објавувањето на огласот,
- да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори на средства за истата намена и активности за коишто поднесуваат пријава, а што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори,

- да имаат поднесено извештај за користењето на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за програмски активности за претходните години и

- да не постои забрана за користење поддршка од државата во согласност со член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Член 4

Проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите кои ги исполнуваат условите од член 3 од оваа одлука, ќе се врши врз основа на следните посебни програмски критериуми:

| **Критериуми** | **Максимум бодови** |
| --- | --- |
| 1. Оценка на капацитет на здружението/фондацијата | 20 |
| 1.1. Организациска структура и ресурси за спроведување на проектот (вработени лица, активни волонтери или хонорарно ангажирани лица, канцелариски простор, техничка опрема и способност за реализација на буџетот) | 10 |
| 1.2. Докажано искуство во областа (приоритетната цел) на која се однесува предлог проектот | 10 |
| 2. Соработка и вмрежување | 5 |
| 2.1. Членување во мрежи и платформи на граѓански организации (национални и меѓународни) и реализирани проекти во соработка со други организации или органи на државната управа | 5 |
| 3. Квалитет на проектот | 50 |
| 3.1. Придонес на проектот во остварувањето на дадената приоритетна цел и одржливост на проектот | 10 |
| 3.2. Образложение за потребата за спроведување на проектот | 10 |
| 3.3. Предложените активности да доведуваат до остварување на предвидените резултати во проектот | 10 |
| 3.4. Јасен, остварлив, мерлив и реален план за спроведување на проектот | 10 |
| 3.5. Јасно дефинирани индикатори за мерење на постигнувањата | 10 |
| **4. Буџет и ефикасност на трошоците** | 20 |
| 4.1. Усогласеност на бараните средства со планираните активности и оправданост на бараниот износ на средства | 10 |
| 4.2. Соодветност на предвидените трошоци со очекуваните резултати | 10 |
| **5. Бодови за поттикнување на рамномерен регионален развој согласно Одлуката за класификација на планските региони во Република Северна Македонија според степенот на развиеност за периодот од 2024 година до 2028 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 262/24), донесена врз основа на Законот за рамномерен регионален развој (*).** | 5 |

Член 5

Распределбата на средства од член 1 од оваа одлука, се спроведува согласно добрата практика за обезбедување на финансиска подршка утврдена во Кодексот на добри практики за финансиска подршка на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија", бр. 130/07) и согласно одредбите од оваа одлука.

Член 6

Распределбата на средствата од член 1 од оваа одлука се спроведува врз основа на јавен повик.

Јавниот повик се објавува на веб страницата на Министерството за односи меѓу заедниците и во средствата за јавно информирање, и тоа во еден дневен весник на македонски јазик и во еден дневен весник на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Јавниот повик за распределба на средства трае 30 дена од денот на објавувањето.

Член 7

Пријавите за учество на јавниот повик од член 6 став 1 од оваа одлука се поднесуваат во рок од 30 дена од денот на објавувањето на јавниот повик.

Здруженијата и фондациите кои учествуваат на јавниот повик од член 6 став 1 од оваа одлука треба да достават:

1. Пријава за финансиска поддршка;
2. Предлог - проект;
3. Копија од тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на здружението/фондацијата не постара од шест месеци;
4. Копија од статутот;
5. Копија од завршната сметка (биланс на состојба и биланс на успех) за претходната година или потврда од Централниот регистар на Република Северна Македонија дека во претходната година оствариле приход помал од 2.500 евра во денарска противвредност пресметан според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на поднесување на пријавата;
6. Извештај за работата со цели, активности, резултати и извори на финансирање во претходната година;
7. Изјава на овластеното лице на здружението или на фондацијата дека од друг донатор нема побарано ниту добиено средства за истиот проект;
8. Изјава на овластеното лице на здружението или на фондацијата дека за ист проект претходно нема добиено буџетски средства, и
9. Изјава за основачка структура од основач/овластеното лице на здружението или на фондацијата во согласност со член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Здруженијата и фондациите можат да поднесат само една пријава за финансиска поддршка согласно јавниот повик.

Пријавата за финансиска поддршка заедно со целокупната документација од ставот 2 на овој член, се поднесува до архивата на Министерството за односи меѓу заедниците.

Член 8

Изборот на проекти кои ќе се финансираат согласно оваа одлука се врши од страна на Комисијата за распределба на средства формирана во Министерството за односи меѓу заедниците.

Членови на Комисијата се претставници од:

- Министерство за односи меѓу заедниците,
- Министерство за финансии,
- Министерство за правда,
- Министерство за европски прашања,
- Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија,
- Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, и
- Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

Со Комисијата претседава претставникот на Министерството за односи меѓу заедниците.

Член 9

За својата работа Комисијата донесува Деловник за работа.

Член 10

Административно - техничките работи за распределба на средствата ги врши Министерството за односи меѓу заедниците.

Член 11

Доделените средства се користат исклучиво за намената за која се доделени и на начин определен во предлог - проектот.

Член 12

Здруженијата и фондациите коишто добиле средства за финансирање на проектите согласно оваа одлука, треба во рок од 30 дена по завршувањето на своите програмски активности да достават извештај за користењето на средствата до Министерството за односи меѓу заедниците.

Министерството за односи меѓу заедниците доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија за користењето на распределените средства и за постигнатите резултати од поддржаните активности на здруженијата и фондациите, најдоцна до 31 декември 2026 година.

Член 13

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. ________

______ јануари 2026 година

Скопје

Претседател на Владата на Република
Северна Македонија,

проф. д-р Христијан Мицкоски